Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 1 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија” бр. 96/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.96/2019) и член 23 став (1) точка 1) од Статутот на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија бр.01-391/2 од 26 август 2011 година и бр.01-374/6 од 19 март 2019 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седница одржана на 11 јуни 2020 година донесе

# Правилник

## за престанување на важноста на Правилникот за цени на електрична енергија на тарифни потрошувачи и Правилникот за цени на електрична енергија за снабдувачи во краен случај.

### Член 1

Со овој правилник престануваат да важат Правилникот за цени на електрична енергија на тарифни потрошувачи ( („Службен весник на Република Македонија” бр. 21/11, 168/11 и 135/12) и Правилникот за цени на електрична енергија за снабдувачи во краен случај („Службен весник на Република Македонија” бр. 97/12).

### Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија” и на веб страната на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Правилникот за цени на електрична енергија на тарифни потрошувачи („Службен весник на Република Македонија” бр. 21/11, 168/11 и 135/12) и Правилникот за цени на електрична енергија за снабдувачи во краен случај („Службен весник на Република Македонија” бр. 97/12), кои се донесени врз основа на Закон за енергетика кој престанал да важи, треба да престанат да важат со оглед на тоа дека материјата која ја уредуваат е веќе утврдена како содржина на други прописи за цени на електрична енергија согласно Законот за енергетика * („Службен весник на Република Македонија” бр. 96/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.96/2019).

**Бр.01-1380/1**

**11 јуни 2020 година, Скопје**

Претседател на Регулаторна комисија за
енергетика и водни услуги на
Република Северна Македонија

Марко Бислимоски